EUROPEAN UNION
Овој проект е финансиран од Европската Унија

International Labour Organization

# CEELex

База на податоци за трудово законодавство во Централна и Источна Европа



## РЕШЕНИЈА ОД ТРУДОВОТО ПРАВО ЗА СВЕТОТ НА РАБОТАТА



## *Што нуди CEELex?*

CEELex е онлајн база на податоци што може да се пребарува и нуди информации за националните трудови законодавства во Централна и Источна Европа.

Врз основа на Конвенциите на МОТ и повеќе од 25 години работно искуство во областа на трудовото законодавство во ЦИЕ, базата на податоци обезбедува избрани клучни информации за работните и индустриските односи во регионот. Опфатените теми се движат од колективното договарање до работните услови (на пр., минимална плата, работно време), раскинување на договорите за вработување, решавање на работните спорови и нестандардните форми на вработување.



## Кои земји се вклучени во CEELex базата на податоци?

Албанија, Босна и Херцеговина, Бугарија, Хрватска, Унгарија, Молдавија, Црна Гора, Северна Македонија, Полска, Романија, Србија, Словачка, Украина. Наскоро ќе бидат вклучени и Словенија и Литванија.



## За кого е наменета CEELex?

- креатори на политики
- истражувачи
- практичари на трудово право
- судии
- владини службеници
- синдикалисти
- работодавачи
- научници
- студенти по право

## Како функционира CEELex?

Базата на податоци вклучува резимеа и цитати од посебни ставови на трудовите закони и прописи на англиски јазик. Можете да го пребарувате законодавството по земја или тема и да ги споредувате земјите. Ако сакате да ги споредите регулаторните рамки за слободата на здружување во Албанија и Босна и Херцеговина, CEELex ви овозможува да пронајдете детални податоци во врска со тоа.

## Како се составени информациите за CEELex?

Националните истражувачи ги прегледаа примарното и секундарното законодавство, колективните договори, како и достапните статистички и административни податоци. Трипартитните конституенти на МОТ ги потврдија информациите. Платформата се ажурира еднаш годишно.


**Контакт:**

Кристина Михес

*виш специјалист за социјален дијалог и трудово право*

на budapest@ilo.org

Меѓународна организација на трудот (МОТ)
Регионална канцеларија за Централна и Источна Европа
www.ilo.org/budapest


**CEELex базата на податоци може да ја прегледувате и пребарувате на ilo.org/ceelex**


*Ставовите што се изразени во оваа публикација не мора задолжително да ги одразуваат ставовите на Европската комисија.*